# КРАТОК ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ВМРО-ДПМНЕ ДО ДЕНЕС

ВМРО-ДПМНЕ ИСТОРИЈАТ

Проф. Д-р. Христијан Мицкоски
Претседател на ВМРО-ДПМНЕ

Ѓорѓија Сајкоски
Генерален секретар

*ВМРО е кауза, непокор, пред се емоција,*
*но најважното чувар на МАКЕДОНИЈА.*
*ВМРО-ДПМНЕ е народот, а народот е Македонија.*
*Тоа е нашиот завет, на секој од нас,*
*и не смееме тоа да го заборавиме.*
*Сме се бореле секогаш кога било тешко и*
*ќе се бориме и сега.*
*Секогаш сме победувале заедно со народот,*
*ќе победиме и сега.*
*Најтемно е пред зората, но зората повторно*
*ќе изгрее над Македонија.*

ВМРО-ДПМНЕ изминатата година имаше еден значаен јубилеј, 30 години од основањето на партијата, јубилеј кој поради сложените услови не беше можно да се обележи. По тој повод оваа година сакаме да ја потсетиме македонската јавност со овој краток преглед за постоењето на ВМРО-ДПМНЕ.

Името на партијата ВМРО е континуитет на долгата борба на македонскиот народ и доаѓа од името на македонската револуционерна организација која била создадена во 1893 година. ВМРО-ДПМНЕ од своето основање ги вгради во актите основите за формирање на самостојна и независна држава Македонија, водејќи се од идеолошки заложби на ВМРО. Во 1990 година се појавиле првите почетоци на партискиот плурализам во Македонија. Мал дел на новата генерација на македонски интелектуалци но и дел од вратените иселеници, со огромна вклученост на народот започнале да го градат духот на македонското будење, барајќи ја независноста на Македонија од југословенската федерација. Во многу сложени услови, но со поддршка на новите политички струи, на 17 јуни 1990 се формирала ВМРО-ДПМНЕ, која била правно регистрирана на 5 август 1990 година.


ВМРО-ДПМНЕ
ИЗВРШЕН КОМИТЕТ
Број 01-1
15 06 1990 година
СКОПЈЕ

И се обраќаме на македонската јавност, на сите македонски патриоти и демократи како внатре во распарчената и поделената татковина, така и во емиграцијата ширум, со

П Р О Г Л А С
за формирање
ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО

1. ДПМНЕ ќе работи за националното и територијалното обединување на распарчениот македонски народ во самостојна национална држава во која македонската нација единствено може да ги оствари своите права во полна демократија и да си обезбеди забрзан и сеопшт стопански напредок, што секогаш била благородната цел на сите македонски патриоти што се бореле и умирале за една слободна и независна Македонија.

2. ДПМНЕ е против секакво тоталитаристичко владеење и властување, таа се бори за целосни граѓански слободи и права и смета дека тие права единствено можат да се остварат во парламентарната демократија.

3. ДПМНЕ како партија што извира од народот и му припаѓа на народот, е против секаков вид македонски врховизам и против него ќе се бори во духот на илинденските идеали на македонскиот народ, но со демократска форма на политичката борба.

4. ДПМНЕ е за духовно и национално обединување на сите македонци без разлика во која држава тие живеат и тоа македонско обединување го прави врз дедовскиот илинденски идеал, затоа и ДПМНЕ се разликува од сите други македонски партии и движења кои со македонското обединување само шпекулираат во предизборната кампања, а всушност се носители на новиот србомански, бугарски и грчки врховизам.

5. ДПМНЕ е за измирување на сите македонци кое станува во духот на бесмртниот илинденски идеал. ДПМНЕ прифаќа соработка само со македонски партии и движења на кои им е туѓ секаков предавнички врховизам.

КООРДИНАТИВЕН СОВЕТ НА ДПМНЕ
За сите информации обратете се:
- во Скопје - тел. (091) - 421-585
- во Австралија - тел. (03) -480-33-58
- во САД - тел. (312) - 852-33-58
- во Шведска - тел.

15. ВМРО - ДПМНЕ е за законско враќање на украдените икони, црковни книги, културно-уметнички и археолошки богатства украдени од страна на бугарската егзархија, српската патријаршија и грчките фанариоти ( андарди ), од нивните попови и владици. Одземање на приватните колекции што денеска поединци ја имаат во СРМ.

16. ВМРО - ДПМНЕ е за преиспитување на личноста на Лазар Колишевски, неговата улога и работа од 1940 година до денеска и откривање на сите јаничари, изроди и предавници во СРМ кои работаат против сопствениот македонски народ.

17. ВМРО - ДПМНЕ ќе се залага секогаш македонските легитимни претставници да го поставуваат македонското прашање пред сите меѓународни форуми и до Обединетите Нации, директно да учествуваат во преговорите со Грција, Бугарија и Албанија за решавање на македонското прашање.

18. ВМРО - ДПМНЕ ќе се бори за поништување на Букурешкиот договор од 1913 година и сите договори со кои се поробува и распарчува Македонија.

АЛБАНЦИ, ТУРЦИ, РОМИ, ВЛАСИ И ДРУГИ НАРОДНОСТИ НА МАКЕДОНИЈА !

И Вие сте деца на македонската земја. И Вие имате право на слободен национален развиток и на демократски живот. Македонија е и Ваша татковина. За тоа нејзината иднина е еднакво значителна и за Вас. ВМРО - ДПМНЕ е верна на Илинденскиот манифест од 1903 година и се залага за братство и рамноправност меѓу сите народности во Македонија. ВМРО - ДПМНЕ зема свечена обврска дека македонската држава во идната конфедерација на сите народности во Македонија ќе им ги гарантира националните права кои се предвидени во резолуциите на Обединетите Нации и Хелсиншката конвенција. ВМРО - ДПМНЕ смета дека Македонија не е загрозена од своите народности туку од своите империјалистички соседи. Среќата на македонскиот народ е и Ваша среќа. За тоа приклучете се на ВМРО - ДПМНЕ, која оди по сопствен македонски пат и нема да Ве одведе во волчјите усти на балканските империјалисти.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ !

Свести се! Собуди се ! Народната песна не за џабе пее дека други знаат за тебе, но ти самиот не знаеш што си, што бараш ?! Патот е само еден. Тоа е патот - патот на конфедерацијата. По тој пат тебе те води ВМРО - ДПМНЕ. Сите други патишта те водат во нови врховизми, те водат кон нови измами нови национални катастрофи. За тоа приклучи се на ВМРО - ДПМНЕ! Нема да бидеш измамен!

*Извадоци од Прогласот за формирање на ВМРО-ДПМНЕ*




Постер за најава за организирање на основачко собрание на ВМРО-ДПМНЕ
од јуни 1990 година

# 1990

31 мај, 1 и 2 јуни 1990
Средба во Минхен за основање на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација – Демократска Партија за Македонско Национално Единство (ВМРО-ДПМНЕ). На средбата присуствувале Драган Богдановски, Гојко Јаковлески, Борис Змејковски, Љубчо Георгиевски и Владо Транталовски. За лидер бил предложен Љубчо Георгиевски.



ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ НА
В М Р О – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО

МАКЕДОНИЈА ! МАКЕДОНИЈА НАД СЕ ! ! !

1. ВМРО – ДПМНЕ ќе се бори за враќањето на гордоста и достоинството на македонскиот човек, македонскиот народ и македонската држава.

2. ВМРО – ДПМНЕ ќе работи за потполно духовно, политичко, економско и етничко обединување на распарчениот македонски народ и држава во идниот обединет Балкан ( Балканска конфедерација ) и обединета Европа.

3. ВМРО – ДПМНЕ ќе се залага за конфедеративен статус на македонската држава во рамките на СФРЈ, како единствена гаранција за целосниот македонски суверенитет и како основен предуслов за преговорите со соседните земји за обединување на Македонија.

4. ВМРО – ДПМНЕ ќе се бори против секое тоталитаристичко владеење и властување во македонската држава; ќе се бори за целосни граѓански слободи и права: секој граѓанин да има право да бира и да биде биран на изборите за претставителните тела и другите општествени форуми и организации, слобода на говорот, слобода на печатот, слобода на организирањето, слобода на вероисповеста, рамноправност на половите, еднаквост пред судовите, социјална правда.

5. ВМРО – ДПМНЕ ќе се залага за суверена македонска државна економија, нејзин брз развој во условите на пазарна економија и приватната сопственост како носител на новата економска политика.

6. ВМРО – ДПМНЕ ја има за трајна грижата за македонскиот народ во незаконски присвоените делови на Грција, Бугарија, Србија и Албанија, како и грижата кон разните народности и етнички групи кои живеат на територијата на македонската држава.

7. ВМРО – ДПМНЕ е за самостојна македонска надворешна политика, која ќе тргнува од интересите на Македонија и за потполно нов однос кон македонската економска и политичка емиграција, кои во минатото беа претставувани во македонската јавност како непријатели. За национално измирување на сите Македонци кои остануваат во духот на бесмртниот Илинденски идеал.

8. ВМРО – ДПМНЕ е за протекционизам на македонскиот културен простор, во кој ќе владеат подеднакво пазарната економија, но и законот на естетската вредност. Културата како најсилно оружје

Извадоци од Програмските цели на ВМРО-ДПМНЕ

11 и 25 ноември Први парламентарни повеќепартиски избори во СР Македонија. После вториот круг ВМРО-ДПМНЕ освои најмногу гласови и најмногу мандати – 38 од 120.

17 јуни Основачко Собрание на ВМРО-ДПМНЕ во Дом на млади „25 Мај“ во Скопје. Избрано било привремено раководство на партијата, Иницијативен Одбор и Централен и Управен Одбор.



Врз основа на член 13 од Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани, на Основачкото собрание одржано на 17.06.1990 година, донесе

О Д Л У К А
за основање на ВМРО-Демократска партија за Македонско национално единство

Член 1

Се основа ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство.

Член 2

Основачи на ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство се:
1. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС
2. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО
3. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР
4. ВЧКОВ ВЕНКО
5. АРСОВ ДРАГИ
6. МЕХАНЏИСКИ ВАНЧО
7. НАНЕВ ТОДОР
8. ТРАНТАЛОВСКА ДИЈАНА
9. ТРПКОВСКИ ЗЛАТКО
10. МИЦЕВСКИ ПЕРО
11. НАУМОВ ВАСИЛ

Член 3

Седиштетот на ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство е во Скопје на ул". ГОРНОВРАНОВСКА бр. 122.

– 2 –

Член 4

Целите и задачите на ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство се:

– враќање на гордоста на достоинството на македонскиот народ, македонскиот човек и македонската држава;

– потполно духовно, политичко, економско и етничко обединување на македонскиот распарчен народ и држава во идеја обединет Балкан и обединета Европа;

– залагање за конфедеративен статус на македонската држава во рамките на СФРЈ; за слобода на говорот, слобода на печатот, на вероисповеста, рамноправноста на половите, еднаквост пред судови и социјална правда;

– залагање за пазарна економија и приватната сопственост, грижа за македонскиот народ во незаконски присвоените делови од Грција, Бугарија, Србија и Албанија, како и грижа кон разните народности и етнички групи кои живеат на територијата на македонската држава;

– залагање за македонска народна армија во состав на заедничката, братска југословенска армија, како носител на одбраната во македонската држава;

– залагање за здрава, заштитена и еколошки чиста, животна средина на Македонија.

Член 5

ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО се овластува да ги врши работите околу уписот на ВМРО – Демократска партија за Македонско национално единство во регистарот на општествените организации и здруженијата на граѓаните.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број.__________
12.06.1990 год.
С к о п ј е

Собрание на ВМРО-ДПМНЕ
Претседател,
Љупчо Горгиевски

Извадок од Одлуката за основање на ВМРО-ДПМНЕ во јуни 1990 година

# 1991

6 декември – ВМРО-ДПМНЕ преминува во опозиција

6 и 7 април – Прв  Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, одржан во Прилеп. ИО преминува во ИК. За претседател реизбран е Љубчо Георгиевски, додека Драган Богдановски е избран за почесен претседател. Мотото на Конгресот било „Самостојна и независна Македонија – Воскреснување на идејата за самостојност“.На Конгресот донесена е и одлука за формирање на Унијата на Млади Сили. Воедно ВМРО-ДПМНЕ стана првата партија во Република Македонија која се залагање за влез на Република Македонија во ЕУ и НАТО.

20 март  –  ВМРО-ДПМНЕ учествува во формирањето на првата Влада која по својот карактер беше техничка и експертска,  а за премиер беше избран Никола Кљусев

# 1994

19 октомври – Одржан е масовен протест на ВМРО-ДПМНЕ на плоштадот Македонија во Скопје поради изборниот фалсификат.

16 октомври –  Први претседателски избори и први парламентарни избори во Македонија после независноста. На претседателските избори кандидат на ВМРО-ДПМНЕ беше Љубиша Георгиевски кој загуби од против кандидатот Киро Глигоров. ВМРО-ДПМНЕ сметаше дека изборите беа фалсификувани на најдрзок начин што преставува срам за демократијата и побара поништување и нови избори. Поради тоа го бојкотираше вториот круг на парламентарните избори на 30 октомври.  До 1998 година ВМРО-ДПМНЕ не учествуваше во работата на Собранието.



I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ ќе се одржи на 6 и 7.04.1991 година во Прилеп

II. УЧЕСНИЦИ НА КОНГРЕСОТ

Член 2

Во работата на Конгресот учествуваат делегати избрани од Општинските секции на ВМРО-ДПМНЕ, делегати избрани од секциите на нашите иселеници и привремено вработени во Австралија, Америка, Канада и од Европските земји, пратениците во Републичкиот Парламент.

Во работата на Конгресот учествуваат и 15 делегати делегирани од Централниот управен одбор кои имаат право да учествуваат во расправата и одлучувањето, а својство на делегат на Конгресот ќе имаат и Членовите на Централниот управен одбор, како и Претседателите на Секциите.

III. РАБОТА НА КОНГРЕСОТ

Член 3

Со работата на Конгресот раководи работно Претседателство од 7 членови, кои ги избира Конгресот. До изборот на работното Претседателство со работата на Конгресот раководи Член на Централниот управен одбор на Партијата.

Член 4

Работното Претседателство предлага Дневен ред и го запознава Конгресот со забелешките и предлозите кои се ставени на истиот од свикувањето до одржувањето на Конгресот.

Дневниот ред се става на гласање, а по неговото усвојување се пристапува на работа по истиот.

Член 5

Конгресот работи во Пленарни седници.

Член 6

Конгресот на предлог на работното Претседателство ги избира следниве работни тела:

- Комисија за верификација на полномошната од 3 члена,
- Кандидациона комисија од 5 члена,
- Изборна комисија од 7 члена

Член 7

Конгресот полноважно одлучува ако присуствуваат две третини од вкупниот број на делегати.

Конгресот донесува одлуки со просто мнозинство од присутните делегати.

Гласањето за избор на Претседател на Партијата е тајно.

Гласањето за избор на Членови на Централниот комитет, комисиите од член 6, усвојувањето на Конгресните документи, предлозите, одлуките и друго е јавно.

Доколку има повеќе предлози, гласањето се врши по редослед на предлагањето. За усвоен се смета оној предлог кој ќе добие најголем број на гласови.

Член 8

Дискусиите на делегатите се ограничени.

По една точка од дневниот ред, делегатите имаат право на една дискусија до 10 минути, и право на една реплика од 2 минути.

За дискусија делегатите се пријавуваат исклучиво по писмен пат, а за реплика со кревање на рака.

Член 9

Амандманите на Предлог-Документите се поднесуваат писмено од Организациониот одбор, а се образложуваат усно во дискусија.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

За работата на Конгресот се води стенографски записник односно магнетофонско и видео-снимање. Секој учесник во дискусијата, треба да го авторизира својот текст заради публикување во книгата Документи од Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ.

Член 11

Овој Деловник стапува во сила кога ќе го усвои Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ

Прилеп, 6 април 1991 година

КОНГРЕС НА ВМРО-ДПМНЕ

Извадок од Одлуката за одржување на I Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ

# 1995

6 и 7 мај – Се одржува Десеттиот Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Кичево. На овој Конгрес партијата се повикува на историскиот континуитет на историското ВМРО и се одлучува дека ги продолжува конгресите. Донесен е нов статут на партијата и нова организациона поставеност. За претседател е реизбран Љубчо Георгиевски.



ВМРО Демократска партија за македонско национално единство
Македонија,Скопје, Ул. Петар Драпшин бр.36 ● тел. + 389 (0)91 111 441, 227 627 факс. 211 586

Врз основа на член 13 став 3 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ. Централниот комитет на Партијата на својата редовна седница одржана на ден 05.03.1995 година донесе:

В.М.Р.О. Демократска партија за македонско национално единство Извршен комитет Бр. 110/135 07.03.1995 год. Скопје

ОДЛУКА

Член 1
Десетиот редовен Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ ќе се одржи на 6 и 7 мај 1995 година во Кичево.

Член 2
За подготовките на 10 Конгрес е задолжен организационен одбор раководен од генералниот секретар Борис Змејковски.

Член 3
Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесувањето.

Скопје, 07.03.1995 година

Претседател
Љупчо ГЕОРГИЕВСКИ

Одлука за одржување на
X конгрес на на ВМРО-ДПМНЕ

# 1996

17 ноември – Први Локални избори во независна Македонија. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 30 градоначалнички места.

# 1997

од јануари до март – студентски протести, штрајк со глад 15 дена под мотото „За заштита на Уставот". Видни членови од УМС ги водат протестите. Истите ќе ги најават промените во македонската политичка сцена и доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт.

30 август – Ескалација на внатрешен судир помеѓу потпретседателката Доста Димовска и Генералниот Секретар Борис Змејковски. Заради разрешување на целата ситуација целиот ИК поднесува оставка, На седница на ЦК, на предлог на дел од ИК на УМС е поднесена резолуција за возобновување на идеалите на ВМРО.



Зошто гласам за
ВМРО – ДПМНЕ

– ВМРО – ДПМНЕ се бори за враќање на гордоста и достоинството на македонскиот човек, македонскиот народ и македонската држава!
– ВМРО – ДПМНЕ ќе работи за потполно духовно, политичко, економско и етничко обединување на распарчениот македонски народ и држава во обединет Балкан и обединета Европа.
– Македонците никогаш повеќе нема да бидат затворени, тепани, убивани во Македонија, затоа што се борат, се надеваат и веруваат во македонско обединување!
– Нашата главна цел е: создавање на суверена и правна македонска држава.
– ВМРО – ДПМНЕ ќе се залага Македонија да влегне во Европа без посредници и инструктори, оти не само што може, туку и умее и треба.
– Ако ВМРО – ДПМНЕ победи на изборите ветува: Македонија нема да ја делиме со никого и нема да дозволиме нејзино понатамошно диво освојување и распарчување.
– Жителите, родените, во Македонија ќе имаат македонско државјанство, а придојдените туристички третман како во секоја цивилизирана средина.
– Македонското државјанство го ветуваме и заради тие кои ја напуштиле татковината под присила, и во неа не сакаат да се вратат како туѓи државјани.
– Ќе сториме се да го прекинеме вештачкиот јаз меѓу Македонците во матицата и тие во дијаспората, јаз што упорно го создаваше сегашната власт и вазалите во Македонија.
– Ветуваме: образование, имиња на населени места, култура и се друго на јазикот на суверениот македонски народ.
– Им гарантираме граѓанска рамноправност на сите жители во Македонија во која ќе има само еден народ и национални малцинства како и во секоја демократска земја.
– Односите со соседите ќе ги решаваме ние, а не туѓи инструктори, а во отворањето кон соседите ќе го почитуваме принципот на реципроцитет.
– Македонското село е опустошено, а селанецот оптоварен со високи давачки, без никаква гаранција за откуп на неговите производи. ВМРО -ДПМНЕ ветува промена на оваа состојба и нов однос кон селанс от и селото.

7 септември - се одржува седница на ЦК на УМС, на која Љубчо Георгиевски го разрешува и ИК на Унијата на малди сили. Избран е нов ИК.

мај – Формирана е Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ.

## 1998

18 октомври и 1 ноември – Трети парламентарни избори. ВМРО-ДПМНЕ победи на изборите со 49 добиени мандати. Формираше влада коалицирајќи со Демократска Алтернатива и Демократската партија на Албанците. За премиер на новата влада на Република Македонија беше избран Љубчо Георгиевски.

## 1999

29 и 30 мај – 14 ноември и 5 декември – Втори претседателски избори во Република Македонија. На изборите победува кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Борис Трајковски

29 и 30 мај – Одржан е Единаесеттиот Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица. На Конгресот се прошируваат надлежностите на претседателот, а се намалуваат на Генералниот Секретар. За претседател повторно реизбран е Љубчо Георгиевски.

## 2000

10 септември – Втори Локални избори во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ беше победник на изборите со освоени 59 градоначалнички места.

## 2001

13 мај – Заради вооружениот конфликт во Република Македонија и негова разрешница, ВМРО-ДПМНЕ ја формира т.н. Влада на широка коалиција заедно со СДСМ. На 22 ноември СДСМ ја напушта владата.




Изданија на ВМРО-ДПМНЕ од Драган Богдановски печатени во 1991 година

7 ноември – Референдум против новата територијална поделба. ВМРО-ДПМНЕ застана зад иницијативата за референдумот. Иако референдумот не беше успешен, тој беше добар момент и пресврт за ВМРО-ДПМНЕ. Целата кампања се покажа како добра подготовка за следните избори, а партијата почна да добива се поголема поддршка.

## 2002

15 септември – Четврти Парламентарни избори. ВМРО-ДПМНЕ со 33 освоени мандати ги загуби изборите и повторно замина во опозиција. Следи тежок период за партијата, одговорноста ја превзел Љубчо Георгиевски кој ја најавил својата оставка.

## 2003

24 и 25 мај – Се одржува Дванаесетти Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Охрид. На Конгресот се бира нов претседател на партијата. На изборите за нов претседател, Никола Груевски освоил повеќе гласови од противкандидатот Марјан Ѓорчев и станал втор претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа започнала новата ера во делувањето на партијата. Промените не им се допаднале на Љубчо Георгиевски и луѓето кои биле влијателни додека тој беше претседател. Во следниот период следеле обиди за минирање на работата на Никола Груевски и обиди за негова смена, со што почнал период на поделба на партијата. Доста Димовска и Марјан Ѓорчев формирале фракција во партијата.

## 2004

4 јули – поделба во ВМРО-ДПМНЕ. Приврзаниците на Љубчо Георгиевски ја формирале ВМРО – Народна Партија. Подоцна им се приклучува Георгиевски. Подоцна се испоставува дека голем дел од нив добивале лажни информации или закани и во наредниот период се враќаат во ВМРО-ДПМНЕ.

14 и 28 април – Трети претседателски избори во Република Македонија. Изборите беа предвремени поради загинувањето на дотогашниот



ВМРО-ДПМНЕ

Скопје, "Македонија" 17а
тел.: + 389 (0)2 292 292; факс: ...292 293

**Предмет:** Извадок од записникот вториот ден (18.03.2007г.) од Тринаесеттиот Конгрес одржан на 17 и 18 март 2007 година во Штип.

На 17 и 18 март 2007 година, во Штип се одржа тринаесеттиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ.

„...На 18 март 2007, вториот ден од Конгресот, се пристапи кон гласање за избор на Претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Делегатите од Конгресот се изјаснија со тајно гласање. По завршетокот на гласањето гласовите беа сумирани и комисијата констатираше дека делегатите едногласно, без ниту еден глас против и ниту еден глас воздржан, за **Претседател на Партијата го избраа Никола Груевски**, дотогашен Претседател на ВМРО-ДПМНЕ."

Извадок од записникот од XIII Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ

претседател Борис  Трајковски. Изборите за ВМРО-ДПМНЕ се одржуваа во тешка атмосфера заради обидите за опструкции од страна на претходниот претседател Љубчо Георгиевски и неговото крило. На изборите кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Сашко Кедев загуби од против кандидатот и лидер на СДСМ, Бранко Црвенковски. За ВМРО-ДПМНЕ заради изборен фалсификат изборите не беа легитимни.

14 мај – Ескалација на внатрепартиските несогласувања. Раздор во ИК и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, помеѓу приврзаниците на Никола Груевски и Љубчо Георгиевски. На седницата на Централниот Комитет во хотелот Панорама приврзаниците на Љубчо Георгиевски и Љубе Бошковски во обид насилно да ја прекинат и растурат седницата. Седницата била прекината и истата за неколку денови продолжена во хотелот Холидеј Ин. На гласањето Никола Груевски ја добил поддршката од мнозинството членови на Централниот Комитет.

## 2005

13 и 27 март – Трети локални избори во Република Македонија. И покрај бројните притисоци и нерегуларности ВМРО-ДПМНЕ успеа да освои 21 градоначалничко место. Во градот Скопје ВМРО-ДПМНЕ го поддржа независниот кандидат Трифун Костовски и за прв пат победи во главниот град на Македонија.

## 2006

5 јули – Петти Парламентарни избори во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ за прв пат излезе со конкретна програма „Преродба во 100 чекори“ со што ги постави стандардите за сите политички партии и избори. ВМРО-ДПМНЕ заедно со Коалицијата „За подобра Македонија“ победи на изборите со освоени 45 мандати и повторно ја формираше Владата на Република Македонија заедно со ДПА и НСДП. За премиер беше избран Никола Груевски. Тоа беше и најмладата влада во Европа.



Примерок од првиот број на списанието Глас, печатено на 31 јануари 1991 година

## 2007

17-18 март е одржан  тринаесетиот конгрес на партијата.

## 2008

17 и 18 март – Одржан е Тринаесеттиот Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Штип. Никола Груевски е реизбран за претседател на ВМРО-ДПМНЕ.Промовиран беше и новиот слоган на партијата „Обединети кон целта – Нови идеи, Нови стандарди, Нови победи“.

## 2008

1 јуни – Шести парламентарни избори во Република Македонија и први предвремени. ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „За подобра Македонија“ освои повеќе од половината пратенички места, односно 63 мандати. Големата победа беше резултат на успешната работа на владата во изминатите 2 години. Никола Груевски беше реизбран за премиер на Република Македонија.

## 2009

22 март и 5 април – Четврти Локални избори и Четврти Претседателски избори во Република Македонија. На локалните избори ВМРО-ДПМНЕ освои 56 градоначалнички места и за прв пат кандидат на ВМРО-ДПМНЕ победи во Град Скопје.
На претседателските избори победи кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорге Иванов со тоа партијата за пат партијата ја имаше целосната власт на локално и централно ниво.

## 2011

5 јуни –
Седми парламентарни избори и втори предвремени. На изборите за прв пат гласаше дијаспората. ВМРО-ДПМНЕ победи во сите 9 изборни единици и освои 56 пратенички места. Никола Груевски го продолжи мандатот како премиер на Република Македонија. Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ започна силен тренд на носење странски инвестиции во Македонија и значително да ја намалува невработеноста во државата.


Македонска
нација

Изводок од спсанието Македонска Нација
печатено во август 1988 година

5 и 6 март – Одржан е Четиринаесетти Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Битола, под мотото „Вистината секогаш победува“. Никола Груевски повторно ја добива довербата од делегатите и резибран е за претседател на ВМРО-ДПМНЕ.



ИНТЕРВЈУ

ИНТЕРВЈУ СО ОСНОВАЧИТЕ НА ВМРО-ДПМНЕ, ДИЈАНА ТРАНТАЛОВСКА, БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, ДРАГИ АРСОВ, ВАСИЛ НАУМОВ И МАНЕ ЈАКОВЛЕВСКИ

■ Дали идејата, која ги собра основачите на ВМРО-ДПМНЕ се исполни после 22 години постоење на Партијата?

**ДИЈАНА ТРАНТАЛОВСКА:**
Идејата за независна македонска држава околу која се собравме и ја формиравме Партијата се оствари уште по првите парламентарни избори во 1990 година, кога Партијата со своето учество во прво от плурален Парламент ги наметна своите програмски цели и ги преточи во декларации, закони, Устав и со тоа ги постави темелите на независна македонска држава со име Република Македонија. Историска е улогата на ВМРО-еските пратеници кои партиската политика ја подигнаа во државна политика и со тоа беше трасиран патот од кој немаше враќање. Македонија стана самостојна држава и покрај многуте сопки на ретроградните сили од пројугословенска провиниенција.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ**
Кога ќе се навратиме наназад пред цели 22 години на основањето на ВМРО-ДПМНЕ и кога ќе ги погледнеме сите документи, акти, декларации и програмата на ВМРО-ДПМНЕ, можеме да ја видиме идејата и причината за која тогаш сме се собрале ние, основачите на ВМРО-ДПМНЕ. Од програмата се гледа која е идејата на основачите, бидејќи тие истите се и изготвувачи и учесници во таа програма. Да се потсетиме дека во далечната 1990 година, основачите на ВМРО-ДПМНЕ имаа храброст и недвосмислена идеја да го продолжат патот на историското ВМРО од 1983 година, така што нашата програма беше во целост спротивна и единствена од програмите на политичките партии, кои се ојавија на политичката сцена во истиот период.
Идејата на основачите, а преку тоа и Програмата на ВМРО-ДПМНЕ беше единствена дека ќе се залагаме како политичка партија за суверена и самостојна македонска држава, со сите атрибути:
- Своја територија
- Македонска војска
- Македонска валута

**ДРАГИ АРСОВ**
- Ако потврдиме дека партијата ВМРО – ДПМНЕ прерасна во една од најмоќните партии во Македонија и пошироко, тогаш може да се рече дека во нивните срца се исполни идејата од пред 22 години, која ги собра основачите на ВМРО – ДПМНЕ, а круна на идејата, што сите нас тогаш не собра, беше независна самостојна Република Македонија. Горд сум што таа идеја за таквата држава протече од основачите на ВМРО-ДПМНЕ наспроти другите партии, кои по распаѓањето на СФРЈ се појавија во Македонија и наспроти оние Македонски партии каква што беше СДСМ, која тогаш се прогласи за наследник на СКМ и која повеќе се залагаше за спас на Југославија. ВМРО-ДПМНЕ ја исфрли идејата за самостојна Македонија, за Македонија како национална држава на македонскиот народ. Македонија се будеше од вековниот сон, Македонија беше кревата на нозе со идејата за поинаква држава, за Македонија со македонска армија, со македонска валута, македонска репрезентација.... Јас сум со македонска репрезентација и жив сведок кога Стојан Андов со Глигоров и Петковски на еден состанок во неговиот кабинет во собранието на РМ, лично ми се обрати : "Како вие од ВМРО-ДПМНЕ сакате самостојна Македонија со своја армија, вие знаете ли што е тоа армија, па дури таму во Прилеп, на партискиот конгрес побаравте македонска валута која ќе се вика статер" Тоа е невозможно, ме уверуваа дека ниту Словенија ниту Хрватска не можат да бидат суверени држави и доколку тоа го сторат ќе бидат вратени во Југославија по пат на сила, со употреба на ЈНА.

28| ГЛАС | 16 јуни 2012

Извадок од списанието Глас
од јуни 2012 година

## 2013

24 март и 7 април – Петти Локални избори во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ убедливо победи на овие избори и освои 58 градоначалнички места.

## 2014

13 и 27 април – Осми Парламентарни избори и Петти Претседателски избори во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ повторно извојува победа и освои 61 пратеничко место додека на претседателските избори за Претседател на Република Македонија повторно беше избран кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорге Иванов. На овие избори ВМРО-ДПМНЕ доби 481,615 гласови што претставува најголема бројка во историјата на партијата. Опозицијата предводена од СДСМ не ги призна изборите и тогаш почнува длабока политичка криза во Република Македонија.

## 2015

2 и 3 мај – Одржан е Петнаесеттиот Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Куманово. На Конгресот кој се водеше под мотото „Силна Македонија“ делегатите по четврти пат му ја дадоа довербата на Никола Груевски за претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

18 мај – Во екот на политичката криза, ВМРО-ДПМНЕ организираше голем народен митинг пред Собранието на Република Македонија на кој близу 90.000 луѓе дадоа јасна поддршка на ВМРО-ДПМНЕ и беше потврда дека граѓаните се со партијата.

2 јуни – После длабока политичка криза креирана од опозицијата и секојдневни протести е постигна т.н. Пржински договор според кој опозицијата да се врати во Собрание, а техничка влада да ги спроведе наредните предвремени парламентарни избори. Се формира и Специјалното јавно обвинителство кое наместо да биде професионална институција почна со политички прогон на ВМРО-ДПМНЕ.

## 2016

18 јануари – Согласно договорот од Пржино, Емил Димитриев станува технички премиер и го замени Никола Груевски. Изборите иако договорени за 24 април беа два пати одлагани се до 11 декември.

11 декември – Деветти Парламентарни избори во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ освои најмногу гласови и доби 51 пратеник.Изборите покажаа дека ВМРО-ДПМНЕ ја има поддршката од народот и покрај долгата криза. Преговорите за идна влада течеа со тешкотии, албанските партии ја потпишаа т.н. Тиранска платформа а нејзиното прифаќање беше услов за формирање влада. ВМРО-ДПМНЕ не сакаше да формира влада по секоја цена и не ја прифати Тиранската платформа.

## 2017

31 мај – После 10 години на власт ВМРО-ДПМНЕ иако победник на изборите беше принудена да премине во опозиција.

15 октомври – Шести Локални избори во Република Македонија. Изборите се одржале во крајно недемократска атмосфера со разни притисоци и закани и бројни нерегуларности.  Во такви услови ВМРО-ДОМНЕ доби само 5 градоначалнички места и не ги призна изборите. А одговорноста за изборниот пораз ја понесе претседателот на партијата Никола Груевски кој поднесе оставка од претседателското место.



Врз основа на член 21 став 1 алинеја 6, од Статутот на ВМРО-ДМПНЕ, Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ, одржан на ден 22 и 23 декември 2017 година донесе:

ОДЛУКА

Член 1

*ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ*, се избира за претседател на ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Ев. бр. 03-464/1
Скопје 23.12. 2017 година

Претседател
на Работно претседателство
Коце Трајановски

Изводок од Одлука од XVII Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ

28  ноември – Продолжува политичкиот прогон против ВМРО-ДПМНЕ. Уапсени се 5 пратеници на партијата и истакнати партиски функционери. Покрај нив уапсени се и бројни истакнати граѓани од секојдневниот живот. Поради тоа ВМРО-ДПМНЕ започна со протести пред Основниот Суд во Скопје и Министерството за Правда.

22 и 23 декември – Одржан е Седумнаесетти Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ во Валандово. Конгресот беше вонреден заради оставката на дотогашниот претседател Никола Груевски и изборот за нов претседател на партијата. Единствен кандидат беше дотогашниот Генерален Секретар Христијан Мицкоски, кој ја доби довербата од мнозинството делегати на конгресот и стана третиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ.  После конгресот избрано беше и ново раководство на партијата.

## 2018

2 јуни – ВМРО-ДПМНЕ организираше голем народен протест против лошите политики на власта и коцкањето со  државните и национални интереси на државата.

## 2019

2019-та година ВМРО-ДПМНЕ гласаше против уставните измени за промена на уставното име Република Македонија.

2019-та година Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ е примена за членка на Организацијата на жени на Европската народна партија (EPP Women) на Конгресот кој се одржа во Виена.

2019-та година се одржаа Претседателски избори на кои кандидат за Претседател на ВМРО-ДПМНЕ беше проф.д-р Гордана Силјановска Давкова. ВМРО-ДПМНЕ на тие избори освои најголем број на гласови во поголемите градски општини во Република Македонија. На ниво на државата коалицијата СДСМ и ДУИ во вториот круг освои поголем број на гласови.

2019-та година ВМРО-ДПМНЕ издејствува техничка влада и предвремени парламентарни избори кои требаше да се одржат наредната година.
